# Безбеден NSW

Безбеден NSW е Веб-страна на Владата на Нов Јужен Велс, која снабдува информации за борба против тероризмот во Нов Јужен Велс. Некои од информациите на Веб-страната се преведени подолу.

## Важни телефонски броеви за итни случаи

Важно е да ги знаете телефонските броеви на кои може да се јавите кои се однесуваат на борбата против тероризмот и кога ќе треба да им се јавите. Јавувањето на броевите: Три нули (000), На Линијата за Национална Безбедност-Hotline и на Линијата за Спречување на Криминал-Crime Stoppers е бесплатно од било кој телефон во Австралија и тие работат 24 часа на ден, 7 дена во неделата. Ако не го зборувате добро Англискиот Јазик, операторите ќе организираат преведувач да се приклучи на линијата.

Јавувањето на Линијата за Помош од Полицијата или да ја контактирате Единицата за Контакти со Заедницата - ако не го зборувате добро Англискиот Јазик може да се јавите во Преведувачката Служба на бројот: 13 14 50 и од нив да побарате да ве поврзат со било кој од броевите што се наведени подолу, за да го протолкуваат тоа за вас.

## Броеви за итни случаи

**• Во итен случај јавете се на бројот- 000 (три нули)**

Јавете се на бројот 000 за итна помош од Полиција, Противпожарна Служба или Амбулантно Возило. Ова е бесплатен повик од било кој телефон во Австралија, од исклучен мобилен телефон или од јавен телефон.

## Важни броеви

**• Линија за Национална Безбедност- Hotline – тел: 1800 1234 00**

Ако сте загрижени дека некој што го знаете е радикализиран, или сакате да пријавите некоја сомнителна активност или информација поврзана со тероризмот, јавете се веднаш на Националната Телефонска Линија за Безбедност на тел: 1800 1234 00.

Сите информации се доверливи и можете да останете анонимни. Вие исто така може да испратите E-mail/ електронско писмо/ до Националната Линија за Безбедност, на hotline@nationalsecurity.gov.au

**• За Спречување на Криминал јавете се на тел. - 1800 333 000**

Повикајте ја службата Crime Stoppers на тел: 1800 333 000 за да пријавите кривични дела кои не се во тек и / или немаат познат сторител (на пример, насилно влегување, злонамерна штета, кражба, мали сообраќајни несреќи). Информациите можат да бидат дадени анонимно.

| Полиција, Пожарна, Брза Помош | Линија за Национална Безбедност | Спречување на Криминал |
|---|---|---|
| **000** | **1800 1234 00** | **1800 333 000** |
| Во итен случај | Пријави сомнителна активност | Пријави Криминал анонимно |

COUNTERING TERRORISM

secure NSW

**• За општи информации  на  Полицијата  јавете се на  тел: 131 444**

Ако сте вие жртва или сакате да пријавите нешто, или за општи информации на Полицијата, освен ако не е итен случај,  ве  молиме  контактирајте ја Полицијата  на нејзината Помошна  Линија  на тел: 131 444.

Откако вашиот извештај е завршен од страна на представникот за услуги на клиентите, вашата информација  веднаш е достапна на вашата локалната полиција.

**Дали би сакале да разговарате со Полицијата во врска со антитерористички прашања?**

Полицијската Единица за Контакти со Заедницата  на Нов Јужен Велс е воспоставена за тие да се ангажираат во заедницата по прашања на борбата против тероризмот. Единицата  има за цел подобро разбирање на грижите на заедницата од страна на Полицијата, како и зголемување на разбирањето на јавноста на постоечките аранжмани за борба против тероризмот во Нов Јужен Велс.

Ако вашата група од заедницата  би сакала да води дискусија или да организира средба со Единицата за Контакти со Заедницата   јавете се на тел: (02) 9919 9288 или може да испратите
E-mail /електронско писмо/  на CTSTCCU@police.nsw.gov.au